Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 18-та седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-3134/1 од 13.12.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, од причина што по предметните наводи треба да постапува друг надлежен орган.

Пријавата да се проследи на надлежно постапување до /// и ///.

Предметот со број 12-3134/1 од 13.12.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3134/1 од 13.12.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Наводите во пријавата се однесуваат на сомневања за незаконски спроведена експропријација на земјиште во сопственост на подносителот и постапување т.е. рушење на три нелегално изградени објекти во сопственост на подносителот, од страна на Општина /// и нејзиниот овластен градежен инспектор. Наведено е дека Управниот и Вишиот управен суд на РСМ донеле незаконити пресуди по повод поведени управни спорови од страна на подносителот за предметниот случај и изразено е незадоволство од работата на јавниот обвинител во /// по повод поднесена кривична пријава од подносителот за предметниот случај.

Со цел испитување на наводите од пријавата, ДКСК се обрати до Општина /// од каде побара податоци, информации и документација за предметната експропријација и рушење на нелегално изградените градби од каде во законски предвидениот рок, до ДКСК е доставен одговор со релевантна документација. Врз основа на доставената документација и одговор од Општина ///, ДКСК по оцена на секој доказ одделено и сите докази заедно и извршената единечна и вкрстена анализа на сите факти го утврди следното:

Од страна на Општина /// до Управа за имотно – правни работи, подрачно одделение /// на /// година бил доставен предлог за експропријација на земјиште на КП /// КО ////, со површина од /// $m^2$. Целта на експропријацијата била изградба на градски пазар во ///. Земјиштето било во сопственост на /// физички лица, од кои /// идеален дел на подносителот.

Со оглед дека подносителот не се согласил со постапката на порамнување во поведената постапка за експропријација, од страна на Управата за имотно – правни работи, подрачно одделение /// се пристапило кон носење на Решение бр. /// од /// година со кое имотот на подносителот во целост бил експропреиран во сопственост на РСМ. Подносителот поднел тужба против ова решение до Управен суд на РСМ, кој со Пресуда /// бр. /// од /// година, ја одбил како неоснована. Оваа пресуда била потврдена и со Пресуда на Виш управен суд на РСМ /// бр. /// од /// година, донесена по повод поднесена жалба од подносителот на пријавата.

По однос на рушењето на нелегално изградените објекти на предметната КП, подносителот на пријавата до Општина /// поднел барање за утврдување правен статус на нелегално изграден помошен објект, кое било одбиено со Решение /// бр. /// од /// година. Подносителот на пријавата вложил жалба против ова решение до Министерството за транспорт и врски, која со Решение /// бр. /// од /// година била одбиена како неоснована. Против ова второстепено решение, подносителот на пријавата поднел тужба до Управниот суд на РСМ која била одбиена како неоснована со Пресуда /// бр. /// од /// година. Оваа пресуда била потврдена со Пресуда на Виш управен суд на РСМ /// бр. /// од /// година.

Овластениот градежен инспектор на Општина ///, на Записник /// бр. /// од /// година констатирал дека помошниот нелегално изграден објект не е изграден врз основа на правосилен акт за изведување градба, по што донел Решение ///

бр. /// од /// година, со кое на подносителот на пријавата му било наредено да го отстрани помошниот објект во рок од /// дена. Против ова решение, подносителот на пријавата вложил жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, која со Решение /// бр. /// од /// година била одбиена како неоснована. Против ова второстепено решение била поднесена тужба до Управниот суд на РСМ, кој со Пресуда /// бр. /// од /// година била одбиена како неоснована. Оваа пресуда била потврдена со Пресуда на Виш управен суд на РСМ /// бр. /// од /// година, донесена по повод изјавена жалба од подносителот на пријавата.

Во однос на извршувањето на актот за рушење на помошниот објект, од страна на овластениот градежен инспектор на Општина /// бил донесен Заклучок за дозвола за извршување /// бр. /// од /// година. Против овој заклучок била вложена жалба од подносителот на пријавата до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, која со Решение /// бр. /// од /// година била одбиена како неоснована. Против ова второстепено решение била поднесена тужба до Управен суд на РСМ, која со Пресуда /// бр. /// од /// година, била одбиена како неоснована. Оваа пресуда на Управниот суд на РСМ е правосилна.

Во однос на рушењето на поставениот монтажен објект на предметната КП, од страна на овластениот градежен инспектор на Општина /// било донесено Решение за отстранување на градба /// бр. /// од /// година. Против ова решение, подносителот на пријавата поднел жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, која со Решение /// бр. /// од /// година била одбиена како неоснована.

Во однос на рушењето на третиот нелегално изграден објект (///) на КП /// и КП /// КО ///, од страна на овластениот градежен инспектор на Општина ///, било донесено Решение за отстранување /// бр. /// од /// година и Налог за извршување /// бр. /// од /// година.

По Барање на Основно јавно обвинителство /// КО бр. /// од /// година, од страна на Државен управен инспекторат на РСМ бил извршен вонреден инспекциски надзор над законитоста во водењето на управните постапки од страна на Општина /// и нејзиниот овластен градежен инспектор за постапување т.е. рушење на трите нелегално изградени објекти. Државниот управен инспекторат на РСМ извршил вонреден инспекциски надзор и составил Записник /// бр. ///

од /// година, според кој не се утврдени неправилности и незаконитости во однос на постапувањето на Општина /// и нејзиниот овластен градежен инспектор за рушење на нелегално изградените објекти.

Оваа состојба произлезе од обезбедените и разгледаните докази за овој предметен случај. На вака утврдената состојба ДКСК одлучи како во диспозитивот поради следните причини:

Според чл. 36 ст. 1 ал. 5 и ал. 15 од Законот за судскиот совет на РСМ ("Сл. весник на РСМ" бр. 102/19), Судскиот совет на РСМ е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и да постапува по претставки и поплаки од граѓаните и правните лица за работењето на судиите, претседателите на судовите и судовите.

Со оглед дека за овој предметен случај, подносителот изразува незадоволство од работењето на судиите на Управниот и Вишиот управен суд на РСМ кои постапувале во управните спорови, иницирани од негова страна, за експропријацијата на земјиштето и постапувањето т.е. рушењето на нелегално изградените објекти, ДКСК пријавата на подносителот ќе ја проследи до ///, како надлежен орган за постапување по овој дел од наводите.

По однос на наводите кои се однесуваат на незадоволство од постапувањето на јавниот обвинител во /// по повод поднесената кривична пријава од подносителот, за експропријацијата на земјиштето и постапувањето, т.е. рушењето на нелегално изградените објекти, ДКСК пријавата на подносителот ќе ја проследи до /// како надлежен орган за постапување по овој дел од наводите.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: Б. Ц., член

Доставено до:
- Подносителот;
- ///; и
- ///.